# ЧОВЕК БЕЗ СВОЈСТВА

## ПОЛИТИКИ НА МАРГИНИТЕ



КРИК

ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА

18>22.06.2019

# КРИК

ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА



КРИК – фестивал за критичка култура има цел да ги промовира уметничките и културните практики како општествено релевантни алатки кои ќе придонесат за еманципација и демократизација на социо-културниот контекст. КРИК застанува во одбрана на правото на критичка култура, која постојано ќе ги поместува границите на еманципаторските политики во социо-културниот простор.

КРИК е отворена платформа низ која се истражуваат и изучуваат можностите на проникнување помеѓу естетското и политичкото, помеѓу уметничките практики и нивното влијание врз пошироката демократизација на општеството. Во рамки на КРИК се промовираат теориските, социо-културните, економските и уметничките практики како важна алатка со која може да се менуваат општествените наративи.

КРИК – фестивал за критичка култура, ќе ги преиспитува парадигмите на моќта, еманципаторските крстопати на политичкото и на естетското низ патеката која комуницира со сите репресивни облици врз граѓанството.

Нашата цел е преку КРИК, низ лабораториски концепт кој подразбира разноликост на уметнички и дискурзивни практики, да ги истражиме можните стратегии за реформулирање на псевдо императивните општествени и политички стабилности, создавајќи платформа за нови, нестабилни, критички политички и социо-културни наративи.

# програма

18>22.06.2019



# човек без својства

политики на маргините



# 18 локација: Котур

**ЈУНИ**
вторник
**19:30**

## КРИТИЧКО ЧИТАЊЕ НИЗ ФИЛМОВИ

(Селекција на Петар Милат)

Ich war zuhause, aber
(Јас бев дома, но) [2019]

Режија: Ангела Шанилек
Времертаење: 105 мин

# 19 локација: Чифте Амам

**ЈУНИ**
среда
**19:00 - 20:30**

## ПРАЗНИНАТА, ТЕМНИНАТА И СОГОЛЕНОСТА: ЗАСНОВАНИ ВРЗ ДЕТЕРМИНАНТИТЕ ВО ЦВЕЌИЊАТА НА ЗЛОТО

Нејтан Браун (Канада)
_предавање

**20:30 - 21:30**

## ТЕАТАРОТ НА МРТВИТЕ НА ЖЕНЕ

Арон Шустер (Холандија)
_предавање

# 20

**локација: Чифте Амам**

**ЈУНИ**
четврток
**16:30 - 18:30**

## ЕСТЕТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ НАНАЗАД: ПОЛИТИЧКИ ЌОРСОКАЦИ НА СЕГАШНОСТА

Нејтан Браун (Канада)
_семинар

**20:00 - 21:00**

## ИЛЈАДА МАРГИНИ

Артан Садику (Македонија)
_предавање

# 21

**локација: Котур**

**ЈУНИ**
петок
**19:30**

## КРИТИЧКО ЧИТАЊЕ НИЗ ФИЛМОВИ

(Селекција на Петар Милат)

Segunda Vez (Втор пат)
[2018]

Режија: Дора Гарсија
Времетраење: 94 мин.

# 22

локација: Чифте Амам

ЈУНИ
сабота

19:30 - 20:00

**ГЕЈ НОРМАЛНОСТ И АНТИ-ИНКЛУЗИВИСТИЧКА КВИР МИСЛА**

Лина Ѓонан (Хрватска)
_предавање

20:00 - 21:00

**РЕЗЕРВНА АРМИЈА НА СМРТТА**

Станимир Панајотов (Бугарија)
_предавање

# Вовед



# човек без својства

## политики на маргините

„Секогаш постои нешто сенишно во тоа да се живее постојано во добро-уредена држава. Не може да се излезе на улица или да се испие чаша вода или да се влезе во трамвај, без да се допре балансираниот лост на гигантскиот апаратус на законите и взаемните односи, поставувајќи ги во движење или дозволувајќи им да ве одржуваат во мирно постоење; тешко дека некој може да ги спознае ваквите лостови, кои досегаат во длабочините на нештата и, провирајќи се од другата страна, се губат себеси во мрежата чија структура не била разоткриена никогаш од никого. Значи, се порекнува нивното постоење, исто како што просечниот граѓанин го порекнува воздухот, тврдејќи дека станува збор за празен простор. Но, сите овие нешта кои се порекнуваат, овие безбојни, безмирисни, безвкусни, бестежински и морално неодредливи нешта, какви што се водата, воздухот, просторот, парите и времето што одминува, за право на вистината, се покажаа како најважни од сите, а токму тоа му дава на животот застрашувачко својство.“

*Роберт Музил, „Човек без својства“*

Оваа година „КРИК - фестивал за критичка култура“ ќе се одвива како процес низ неколку етапи во годината. Особено ни е важно прераснувањето во платформа и форум за критичка култура, низ која ќе бидат во постојан разговор и конфронтација сите можни алтернативи на промислување на општеството, политичкото, културата, низ агонот со нормираното, зададеното и воспоставеното. Токму затоа, ве повикуваме низ овој прв дел на КРИК да бидеме заедно и отворено да разговараме за сите можни патеки низ кои би сакале да го движиме нашето тело како стратегија на отпор.

КРИК 04, со темата *Човек без својства – политики на маргините* ќе биде посветен на разговор, критичко промислување и анализа на политичкиот, економскиот и, пред сѐ, уметничкиот синдром кој го живееме, а тоа е синдромот на човекот без својства кој е во постојана залудна потрага по изгубеното време.

Сведочиме на исчезнување на сите аксиолошки вертикали, на обезвреднетост на идеолошките и

политичките наративи, кои наместо да создаваат простор за напредок во новите формати на заедници, сосема спротивно, го обесвојствуваат човекот дополнително.

Човекот без својства е човек на неприпаѓање, своевиден анархист, кој е во постојана потрага по методологијата со која практиките на неприпаѓање ќе ги вообличи во еманципаторски процеси. Бидејќи практиките на неприпаѓање водат во еманципација. Тој се обврзува кон процесите и кон изнаоѓањето на вертикали на содржината преку која ќе го артикулира отпорот. Човекот без својства е во постојана напрегнатост за повторното изнаоѓање на инаквите простори на политичкото.

Во таа потрага по загубените својства и по наметнатите заедници, она што е е клучно е отсуството на стабилноста. Уметникот, граѓанинот, политичарот ќе мораат да прифатат – стабилност не постои. Постои непрекинато создавање на критички перспективи, кои се единствениот начин да се артикулира слободата во концентрични кругови на единството на различностите.

Ние, кои сакаме да раскрстиме со историјата на угнетувачките и понижувачките модели на припаѓање, копнееjќи по недопрените полиња на новите потенцијали на политичката имагинација, мора да ја присвоиме токму неа, нашата позиција на талкачи – позиција на постојано разликување од познатите својства на сегашните општествени, културни и политички коњуктури. Да се биде без својства значи можност да се мисли суштински новата политика, која не е посредувана од својствата на „овој свет" и која постојано се обидува да се преобмисли и пресоздаде себеси на самите маргини и, преку тоа, да генерира уште повеќе можности за бегство од кој било збир на својства, кои се обидуваат да се воспостават како авторитет во однос на мислата и животот.

Човекот без својства се обидува низ лавиринтите на загубените комуникациски вредности, на отсуството на заедниците кои обезбедуваат креативно проникнување во светот на другоста, отсуството на заедниците кои се емпатични и солидарни, да ги пронајде местата

во кои ќе ја редефинира политичката ентропија, која ризоматски се шири и го заробува субјектот и светот. Во деградацијата на јазикот, на мислењето, на знаењето, се случува состојба во која сме заробени од вителот на изгубените идеи и идеологии. Первертираните идеолошки системи, го растопуваат мислењето и капацитетот за стекнување, практикување и употреба на критичкиот дијалектички апаратус. Оттаму, социо-културниот простор е во вакуумот на отсуството на политичките, сензибилните, естетските својства кои ќе му обезбедат на човекот временска и просторна социо-културна вкотвеност.

Во атмосфера каде што медиокритетството е медиумски востоличено како ултимативен вредносен критериум, каде што историско-политичкиот ревизионизам, олицетворен во новите наличја на фашизмите, е фаворизиран, каде што антагонизмот кон другиот и поинаквиот е мерка за патриотизам, и доминација на една група во однос на друга, просторот за интелектуален, креативен отпор во

однос на пост-национализмите и на новите фашизми (и леви и десни) на капиталот и криминалот се минимални и ризични. Но, сепак, без разлика на лошите услови за организирање и манифестирање на отпорот, тој мора да постои и да егзистира.

КРИК 04 ќе се обиде да ги спои различните дискурзивни, уметнички, општествени, активистички и политички практики низ кои ќе се обидеме критички да ги истражиме и презентираме алатките, размислите и дејствувањата преку кои ќе можат да се создадат новите текстови на културата и уметноста.

Искра Гешоска и Артан Садику



# 18>22.06.2019

# 18 локација: Котур

ЈУНИ
вторник
19:30

## КРИТИЧКО ЧИТАЊЕ НИЗ ФИЛМОВИ

Ich war zuhause, aber
(Јас бев дома, но) [2019]

Режија: Ангела Шанилек
Времертаење: 105 мин

13-годишно момче исчезнува една недела, без трага. Филмот започнува со неговото повторно појавување во училишниот двор, валкано и променето. Во потрага по - екстремна блискост со природата или смртта, поттикнато од неодамнешната загуба на својот татко - неговата мајка и неговата учителка можат само да претпоставуваат за што станува збор. Однесувањето на момчето го поништува она што сите до сега го земаат здраво за готово.

# 19 локација: Чифте Амам

**ЈУНИ**
среда
**19:00**
**- 20:30**

## ПРАЗНИНАТА, ТЕМНИНАТА И СОГОЛЕНОСТА: ЗАСНОВАНИ ВРЗ ДЕТЕРМИНАНТИТЕ ВО ЦВЕЌИЊАТА НА ЗЛОТО

Нејтан Браун (Канада)
_предавање

Преку разновидни теми, концепти и форми, *Les Fleurs du Mal (Цвеќињата на злото)* постојано се занимава со детерминирањето на проблемот: во фокус е тензијата која се создава помеѓу тоа да се биде едновремено утврден и детерминирањето кое произведува субјективна желба и поетска конструкција. Ова предавање ќе го следи третманот на Бодлер во однос на овој проблем од самите корени, лиминалната негација на својствата кои ги поттинуваат психолошките контрадикции, книжевените изуми и историските промени. Преку филозофското разбирање за естетската определба и длабоките читања

на песните на Бодлер, ќе се теоретизира односот помеѓу негацијата и трансформацијата на секое од овие нивоа.

**20:30 - 21:30**

## ТЕАТАРОТ НА МРТВИТЕ НА ЖЕНЕ

Арон Шустер (Холандија)
_предавање

Театарот на Жан Жене е еден од највеличествените политички театри на дваесеттиот век, иако тој самиот ги нарекува своите претстави „имплицитно политички“ и често јасно и прецизно го одредува нивното политичко значење. Во ова предавање Арон Шустер ќе зборува за појавата на „осамениот“ и „фаталниот“ политички субјективитет, кој е обработен во драмите на Жене (фокусирајќи се на *Слугинки* и *Балкон*), преку две различни насоки на истражување. Прво, преку истражување на темата на смртта, веројатно главниот предмет во сите дела на Жене, разликувајќи три вида смрт, кои тој ги поврзува со

уметничкото дело (надоврзувајќи се на трите временски состојби содржани во иднината, минатото и сегашноста). Второ, преку невообичаената споредба на Жене со Кафка на тема законите и правото. Тешко е да се најдат два автора поспротивни од Жене и Кафка. Сепак, почнувајќи од некои забелешки за Кафка во едно од писмата на Жене, Арон Шустер ќе ни покаже како тие следат два спротивни пристапи кон законот (невротичен и перверзен), и како Жене предлага уникатен одговор кон проблемот на вина на Кафка.

**20** локација: Чифте Амам

**ЈУНИ**
четврток
**16:30 - 18:30**

## ЕСТЕТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ НАНАЗАД: ПОЛИТИЧКИ ЃОРСОКАЦИ НА СЕГАШНОСТА

Нејтан Браун (Канада)
_семинар

Политичките случувања покажуваат перверзна, но, сепак, предвидлива

врска помеѓу реакцијата и реакцијата-на-реакцијата. Семинарот во фокусот ќе го има разгледувањето на тоа како општествената структура и историските ќорсокаци на ваквата релација можат да се анализираат и да се адресираат како ефекти од политичко-економските контрадикции. Навраќајќи се на Шилеровата теорија за „естетичко образование“ од перспектива на сегашноста, Браун ќе се обиде да ја врами дискусијата за патологиите на комуникацијата и колективниот субјективитет својствени на увозот на неправовременоста и отпорот кон замките и искушенијата на политичкиот опортунизам.

**20:00 - 21:00**

## ИЛЈАДА МАРГИНИ

Артан Садику (Македонија)
_предавање

Ниедна теорија не може да се развие без соочување со препрека (ѕид). Затоа нужна е практика за рушење на ѕидот (Делез). Нашите испробани,

износени и исцрпени модели на практики, како што се отпорот и борбата против капитализмот, не успеаа да го скршат ѕидот кој радикалната теорија го постави многу години одамна. Како резултат на ова, ние сме сведоци на забрзано зголемување на теоријата позади ѕидот. Наместо испробување нови практики со цел да се сруши ѕидот, ние ги менуваме аглите (го менуваме гледиштето), од кои ѝ пристапуваме на сегашната состојба на капитализм. Ова доведува до два предизвика. Прво, како би знаеле дека новата практика ќе ни овозможи нов начин на промислување кој не е повторно, само нов агол (ново гледиште), второ, како теоријата би функционирала во релација со тоа што треба допрва да стане практика. Садику во своето предавање ќе ги истражува можностите за надминување на предизвиците преку идејата на маргините/маргиналноста. Тој предлага да се приближиме кон маргините и наместо револуционерни практики

да развиваме маргинални мисли, кои ќе ја заменат кохерентната радикална теорија. Оттука, комбинацијата на придвижување кон маргините и маргиналното/рабното промислување може да ни помогнат да развиеме анти капиталистичка имунологија наместо стратегија.

# 21 локација: Котур

**ЈУНИ**
**петок**
**19:30**

## КРИТИЧКО ЧИТАЊЕ НИЗ ФИЛМОВИ

(Селекција на Петар Милат)

Segunda Vez (Втор пат)
[2018]

Режија: Дора Гарсија
Времетраење: 94 мин.

Режисерката Дора Гарсија мешајќи ги политиката, психоанализата и перформансот својот многукратно наградуван филм *Segunda Vez (Втор пат)* го гради околу фигурата на Оскар Масота - круцијален теоретичар

за аргентинската авангарда од 1950-тите до 1970-тите, иако не станува збор за биографски филм. Идеите на Масота за лакановската психоанализа, политиката и уметноста (хепенинзите и дематеријализираната уметност) го промениле уметничкиот пејзаж на Буенос Аирес во 1960-тите, кој ѝ претходел на диктатурата, со што се означува и крајот на авангардата. Насловот, *Segunda Vez*, потекнува од истоимената приказна напишана од современик на Масота, Хулио Кортасар, кој го раскажува амбиентот на психоза и несигурност предизвикан од траумата на исчезнувањата во Аргентина.

**22** локација: Чифте Амам

**ЈУНИ**
сабота
**19:30 - 20:00**

## ГЕЈ НОРМАЛНОСТ И АНТИ-ИНКЛУЗИВИСТИЧКА КВИР МИСЛА

Лина Гонан (Хрватска)
_предавање

Во предавањето ќе биде изложен концептот на геј нормалноста која ја изнел холандскиот теоретичар Петер Друкер, како и избор од теоријата на современата анти-инклузивистичка/анти-асимилациска квир теорија. Ќе наведе, зошто според неа популарните квир социјални политики не се одржливи, на следниот начин: 1) преку краток преглед на досегашниот развој на квир движењето, 2) преку приказ на оној квир идентитет кој го создал доминантното квир движење, 3) преку преглед на анти-инклузивистичките квир мисли како одговор на таа идеологија на нормалноста. Изборот претставува своевиден „квир“ метод, затоа што текстовите не доаѓаат од милјето на „релевантната“ продукција на квир теоријата и во поголем дел се текстови од одредени блогови, фанзини и протестни флаери. Афирмацијата на маргиналните позиции, како што се: теоријата на квир социјалната репродукција,

теоријата на родовиот нихилизам и трансфеминизмот во денешно време  претставуваат предизвик во квир движењето.

**20:00 - 21:00**

## РЕЗЕРВНА АРМИЈА НА СМРТТА

Станимир Панајотов
(Бугарија)
_предавање

Станимир Панајотов во своето предавање ќе говори за поимот „резервна армија на смртта“, засновајќи ја својата теза врз тековната литература за некрополтиките (Мбембе, Грижиниќ) и врз теоријата за „резервната работничка армија“ на Маркс и Енгелс. Резервната армија на смртта ја дефинира како фигура на целосно остварување на капиталистичката утопија: крајно ослободување на капиталот од работничката сила. Сепак, според него, ова ослободување не треба да кулминира во конкретен утописки хуманизам на релаксација и благосостојба/ благосостојбизам (welfareism).

Напротив, Панајотов смета дека премостувањето на капиталот од дијалектичките граници на резервната армија на трудот станува предвесник на смртта. Производството веќе не е врзано за политичкиот поим на животот и субјективитетот, кои се самите сведени на суверенот. За резервната армија на смртта, субјективитетот е несводлив на суверенот. Онаму каде што Маркс го препознава создавањето на резервна армија на трудот, Мбембе, а потоа и Грижниќ, иако попатно го спомнуваат Маркс, препознаваат нешто што лесно може да се нарече резервна популација на смртта или резервна армија на смртта. Бидејќи, ако е точно дека прилагодувањето на неолибералната демократија со некрополитиките е парадигматичен пресврт во владеењето во раниот 21 век, отфрлањето на животот како политичка вредност, како конститутивен фактор во политичката логика на неолибералните демократии оди

рака под рака со бришењето на корелативната експлоатација колку и да е брутална таа на работните капацитети на работникот. Ако смртта стане политички проектил на идноста, трудот повеќе нема да е дел од управувачката космологија на неолиберализмот.

Станимир Панајотов предлага поим кој има цел да ја опише ирелевантноста (а не отфрлањето) на постструктуралистичката теза за „смртта на човекот", како и биополитичката *laissez-faire* формула „да се живее и да се допушти да се умре", на некрополитичките режими. Под некрополитиките, кога цели популации се исклучени од власта, тие се сметаат не само за застарени за контролата на популацијата, туку и лишени од квалитети, вклучувајќи ја и нивната „способност да умрат". Како резултат на тоа, резервната армија на смртта има за цел да ја анализира реалноста во која човечката

популација е лишена од својата
смрт како својство кое повеќе
не може да го легитимира
човечкиот живот врамен со
спасението. Кога смртта не
е својство, кога човекот не
може да се квалификува како
вреден за спасение, суверенот
владее без луѓе: обесчовечениот
суверен не е лишен од
својствата на луѓето, туку од
самите луѓе.

# БИОГРАФИИ



**Арон Шустер** е филозоф и писател, кој живее во Амстердам. Тој е стипендист на Друштвото за хуманистички науки при Универзитетот Корнел и работи како професор на Универзитетот во Чикаго. Неговата прва книга *Проблеми со задоволството: Делез и Психоанализата (Trouble with Pleasure: Deleuze and Psychoanalysis)* е објавена од *MIT Press* во 2016 година. Во 2019 година планирано е да се објават уште две негови книги: *Владеење, АД: Три студии за политичкото и за уживањето (Sovereignty, Inc.: Three Inquiries on Politics and Enjoyment)*, во авторство со Ерик Сантнер и Вилијам Мазарела (University of Chicago Press); и *Спазам: Филозофија на скокотливоста (Spasm: A Philosophy of Tickling)*, Cabinet Books.



**Артан Садику** е истражувач, теоретичар и активист кој има докторат по филозофија. Неговите примарни научни интереси се теориите на субјектот, феминизмот, радикалните практики во политиката и уметноста. Работел во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје каде што ја водел *Школата за критика и политика* и е основач на Левичарското движење Солидарност и Културниот клуб на синдикатите. Студирал и истражувал во универзитетите во Минхен, Балтимор, Осло и Амстердам. Тој беше еден од клучните актери во протестните движења АМАН!, #протестирам и Академскиот пленум, а во моментот е дел од организациониот и програмскиот борд на КРИК фестивалот за критичка култура. Редовен соработник е на регионални и меѓународни списанија како Le Monde Diplomatique, Journal Identities и Bilten. Неговите последни текстови се однесуваат

на просторот за уметноста во општеството и естетската форма на работниците.



**Лина Гонан** дипломирала филозофија и историја на уметност на Филозофскиот факултет во Загреб. Таа е активистка на полето на јавни добра, работнички, женски и квир права. Поле на теориски интерес ѝ е марксистичкиот феминизам и квир теоријата. Работи во Мултимедијалниот институт во Загреб каде го води феминистичкиот кружок Фематик во *Мама*. Уредничка е на збирката *Непомирливо – радикалниот квир против родот, државата и капиталот.*



**Нејтан Браун** е вонреден професор по англиски јазик и управител на Центарот за проширена поетика на Универзитетот Конкордија. Во своите истражувања ги опфаќа следните хуманистички и епистемолошки области: поезија и поетика, модерна и современа филозофија,

книжевност на 20 и 21 век, марксистичка теорија, наука и студии на технологијата. Неговите интереси се движат помеѓу поетиката, филозофијата и науката / технологијата, со акцент врз концептуалните и материјалните определби на структурата, обликот и фикцијата. Творештвото на Браун, исто така, се фокусира на современата уметничка и филмска теорија. Неговото исражување се темели врз материјалистичкиот пристап кон уметноста, филозофијата и политиката. Предмет на неговото проучување се и концептите и идеологиите на структурата и обликот на практикување на материјалната конструкција во науката и поезијата. Тој неодамна го заврши последниот негов ракопис насловен „Рационална емпирија: теорија на спекулативната критика“. Неговата прва книга „Ограничувањата на фабрикувањето: материјалистичка наука и материјалистичка поетика“, објавена е од

Фордхам, во 2017 година. Заедно со Петар Милат, тој е координатор на тековната серија на симпозиуми под наслов „Коњуктури: филозофија, политика и естетика на дваесет и првиот век“.



**Петар Милат** е поранешен филозоф кој моментално работи како програмски раководител во Мултимедијалниот институт / МаМа [Загреб, Хрватска], каде е задолжен за издаваштво, експериментална музика и филмски програми. Од 2008 година тој е директор на Филмскиот фестивал за човекови права, фестивал на *cinéma d'auteur engagé*. Главниот фокус на неговото истражување е врската помеѓу нормативната социјална и естетска теорија. Во 2018 година бил член на жирито на фестивалот за кратки филмови во Оберхаузен.

Веб-страни: www.mi2.hr/en | www. humanrightsfestival.org/en/

Лична веб-страна: www.zoeforward.org



**Станимир Панајотов** во моментов го завршува докторот по компаративни родови студии на Централноевропскиот универзитет (Будимпешта, Унгарија), со специјализација во областа на средновековните студии. Твори на раскрсницата на континенталната и феминистичка филозофија, нефилозофијата, неоплатонизмот и новиот / спекулативен реализам, а во овие области специјализирал на Словенечката академија на науките и уметностите во Љубљана (2013); Институтот за општествени науки во Скопје (2015); Универзитетот Линкопинг(2016); Американскиот истражувачки центар во Софија (2016/17); Универзитетот Кингстон во Лондон (2017); Универзитетот во Утрехт (2018). Член е на организацијата *Non-Philosophique Internationale* од 2016 година. Тој е ко-директор и ко-организатор на *Sofia Queer Forum* (Софија, 2012 - денес), како и на Летната школа за сексуалност, култури

и политики (Скопје / Белград, 2012- 2017), а од 2017 година е уредник на списанието *Identities: Journal for Politics, Gender and Culture*, како и член на уредничкиот одбор на списанието *Oraxiom: A Journal of Non-Philosophy*.



# ИМПРЕСУМ

КРИК

КОНФРОНТАЦИЈА

КРИТИКА РЕАКЦИЈА ИДЕЈА

**ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА**

## 18>22.06.2019

ЧОВЕК БЕЗ СВОЈСТВА
– политики на маргините

КРИК - фестивал за критичка култура е отворена платформа за развој на критичка култура придвижена од Контрапункт – асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики.

КРИК - Фестивал за критичка култура се реализира во соработка со: Мутлимедијалниот Институт (MI2), од Загреб, kuda.org од Нови Сад, Berliner Gazette од Берлин, платформата Светот околу нас – критиката во регионот, организирана од партнерските организации kulturpunkt.hr и Kurziv (Хрватска), SEECult (Србија), SCCA – Љубљана (Словенија).

**Тимот на КРИК – фестивал за критичка култура**

Програмски уредници: Искра Гешоска, Артан Садику и Елена Вељановска
Програмски ко-уреднички и логистика:
Тијана-Ана Спасовска, Јана Коцевска
Програмски уредник на филмската програма и програмски консултант:
Петар Милат
Односи со јавност и комуникација:
Александра Бубевска

Фото документација:
Наташа Ѓелева
Видео документација:
Ѓорѓе Јовановиќ

**Уредување на каталогот:**
Искра Гешоска, Тијана - Ана Спасовска, Артан Садику, Елена Велјановска, Јана Коцевска
Превод на македонски и англиски јазик:
Тијана-Ана Спасовска, Артан Садику
Тотал дизајн: КОМА

Контрапункт изразува благодарност за постојаната поддршка и соработка до: Јана Коцевска, Александра Бубевска, Ѓорѓе Јовановиќ и Петар Милат.

Контрапункт изразува особена благодарност до Дита Старова Керими, директорка на Националната галерија, за нејзината несебична, високо професионална и сесрдна поддршка на КРИК – фестивал за критичка култура.

Контрапункт изразува специјална благодарност до креативниот тим на КОМА и до Небојша Гелевски кој секогаш солидарно и поттикнувачки се грижи за нашите визуелни содржини.
Контрапункт е членка на националната платформа Јадро – асоцијација на независниот културен сектор

Логистички партнери на фестивалот се: Национална Галерија на Македонија (http://nationalgallery.mk/), КОТУР (https://www.facebook.com/KoturKafeiFilm/) и порталот окно.мк (https://okno.mk/)

Постојани стратешки партнери на Контрапункт и на КРИК се: МаМа (https://www.mi2.hr/en/) од Загреб и kuda.org (https://kuda.org/) од Нови Сад.

Co-founded by the Creative Europe Programme of the European Union

Контрапункт и КРИК – фестивал за критичка култура се поддржани од: Гете-институт Скопје, Министерство за култура на Република Северна Македонија, Фондацијата Култура нова од Хрватска, Креативна Европа 2014 - 2020, Град Скопје

# МОИ КРИТИЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ